**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**
Број: 02-1403/18
Датум: 24.8.2022 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 112 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр.82/2018 и Сл. весник на РСМ бр. 178/2021), членот 59 од Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии – Скопје во состав на Универзитетот *„Св. Кирил и Методиј"* во Скопје (Универзитетски гласник бр. 457/2019), Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 24.8.2022 година, донесе

# О Д Л У К А

промена на студиска програма во учебната 2022/2023 година

**I.** На студентите запишани заклучно со учебната 2021/2022 година на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје им се дозволува промена на студиска програма и тоа:

1. Само на студиските програми на кои не е пополнет бројот на студентите во државна квота.

2. Со меѓусебна размена на студенти од различни студиски програми (и еднаков статус на студент во државна или во квота со кофинансирање). Ваквиот начин на промена на студиски програми важи само за студентите кои ги имаат положено сите предмети од претходната година.

3. Ако ги положиле сите испити од прва година со просечна оценка 9,50 и ги освоиле сите кредити што ги запишале.

**II.** На студентите запишани на Факултетот заклучно со учебната 2020/2021 година на кои им е одобрено да преминат на други студиски програми се запишуваат со: партиципација само на оние студиски програми каде имало слободни места по конкурсот во учебната 2021/2022 година, или со школарина на студиските програми каде бил пополнет бројот во државна квота за што е потребно да дадат изјава дека се согласуваат да ја променат студиската програма со кофинансирање на трошоците за студирање до завршување на студиите.

Бројот на студентите од став еден на точка **II** е до 15% од бројот на студентите запишани на соодветната студиска програма во прва година според конкурсот во учебната 2020/2021 година.

**III.** Молбите за префрлање, студентите треба да ги поднесуваат во период од 19 до 23.9.2022 година преку архивата на Факултетот. По завршување на рокот за предавање на молбите, се изготвува единствена ранг листа на поднесени и одобрени барања, која во рок од пет дена јавно ќе биде објавена.

**IV.** Одлуката да се достави до: ННС, продеканот за настава, веб страницата на ФЕИТ, огласна табла, Одделението за студентски прашања, општата служба и архивата на ФЕИТ.

Декан
Проф. д-р Димитар Ташковски